**ЗАПИСНИК**
**од 65 (Шеесет и петта) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година (четврток)**

Шеесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 15 мај 2025 година (четврток), со почеток во 10.20 часот, во просториите на Универзитет Скопје (Универзитет за туризам и менаџмент Скопје).

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска,

На 65. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 65. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред при тоа најави дека од страна на службите се доставени точки кои се предлагаат за додавање на дневниот ред.

Претседателот на Совет ги посочи и прочита точките кои се предложени за додавање:

**1.Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје**
**2.Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“**

**3.Предлог - Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120**

**литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје**

**4.Предлог - Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост**

**5. Советнички прашања**

Претседателот на Совет ги стави поединечно предлог точките на гласање за додавање на дневен ред.

Како 18. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 18 ја стави на гласање.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена како точка 18 на дневниот ред.

Како 19. точка на предложениот дневен ред се прелага:

**Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)"**

За збор се јави членот на советот Татјана Стојановска и постави прашање во однос на тоа зашто вакви предлог проекти не се решаваат праку матична комисија и средства од програма за таа намена.
Од службите одговорија дека средствата од програмата за таа намена се истрошени и затоа преку точка на совет би се доделиле средства од конто на друга програма.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 19 ја стави на гласање.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, е додадена 19 точка во дневниот ред.

Како 20. точка на предложениот дневен ред се прелага:

**Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 20 ја стави

на гласање.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена 20 точка во дневниот ред.

Како 21. точка на предложениот дневен ред се прелага:

**Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 21 ја стави на гласање.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена 21 точка во дневниот ред.

Како 22. точка на предложениот дневен ред се прелага:

**Советнички прашања**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 22 ја стави на гласање.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена 22 точка во дневниот ред.

Претседателот го стави на гласање изменетиот дневен ред на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен изменетиот дневен ред за 65. Седница на Општина Карпош.**

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување записник од 64. седница на Советот на Општина Карпош**

1. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година**
3. **Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**
4. **Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09**

**(опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје**

5. **Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Детален урбанистички план за Градска четврт 3 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје**
6. **Службена белешка за неусвојување Предлог – План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година**
7. **Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје**
8. **Одлука за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025**
9. **Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025**
10. **Правилник за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација**
11. **Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош – Скопје**
12. **Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**
13. **Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**
14. **Одлука за давање согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**
15. **Одлука за давање согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк - Карпош**
16. **Одлука за давање согласност за започнување постапка за отуѓување на патнички моторни возила**
17. **Одлука за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје’’**
18. **Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје**
19. **Службена белешка за неусвојување Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“**
20. **Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје**
21. **Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на**

**Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост**
22. **Советнички прашања**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледа и гласа записникот кој е предложен во дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 64. седница .

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 64. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 64. седница на Советот на Општина Карпош.**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот го повика членот на Советот Зоран Каљевски во својство на претседател на Комисијата за урбанистичко планирање да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор Зоран Каљевски во својство на претседател посочи дека седницата на Комисијата за урбанистичко планирање била одржана на 14.05.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

1.**Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски со образложение зошто нема да гласа за точката поради тоа што они како советници не се за оттуѓување на државно земјиште туку се за рационално користење на државно земјиште и со сопствена изградба на тоа земјиште би остварувале долгорочен приход на самата институција.Славко Митевски постави неколку прашања кои се однесуваат на самата одлука во однос на намената на парцелата но и тоа дека една од парцелите кои се предвидени за продажба е уцртана улица.

Зобр зема Градоначалникот Јакимовски кој детално објасни за предложената точка во однос на намената на парцелата како и за тоа каков проект е предвиден и за што всушност би служел истиот. Пред се Градоначалникот посочи дека намерата е да се реши дел од проблемот со паркинг на тоа подрачје но и да се овозможи центар за снабдување кој е потребен во тој дел. Јакимовски

образложи дека во моментот Општината Карпош нема средства сама да изгради објект кој е предвиден со намената, па затоа се одлучува таа парцела со таа намена да оди на продажба. а со средтвата од продажбата да се изгради таков објект на друга локација кој ќе биде во сопственост на институцијата.

Се разви дискусија помеѓу членовите на Советот: Славко Митевски, Невена Георгиевска, Добрила Андоновска, Бранко Ристов, Татјана Стојановска, Адријана Јакимовска Панчевска, Христо Саракинов и Градоначалникот Јакимовски околу самата продажба, намената на парцелата како и самиот бенефит и решавање на проблемите на граѓаните кои живеат во тој дел се со цел носење на правилна одлука. Со различни ставови, аргументи и предлози за решавање на моменталните проблеми на граѓаните од тој дел од страна на сите кои учествуваа во дискусијата предложената точка се стави на гласање.

Претседателот на Советот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 4 ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател која посочи дека седницата на Комисијата за финансии била одржана на 14.05.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите

**2.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска и посочи дека се согласува со измената на програмата но смета дека предвидената сума е преголема за таа намена и дали доколку се изгласа истата ќе оди со јавен повик.

Од службите немаше претставник, но од одделението за поддршка дадоа мало образложија за што се работи и која е потребата од таква алатка за транскрипција и говор во текст, за истото веројатно имало анализа на пазарот во однос сумата колку чини таа алатка и дека истата доколку се изгласа ќе оди со јавна набавка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година**

**3. Предлог – Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со одредени прашања по одредени конта и средства од различни програми кои се реализирани и прикажани во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период.

Раководителот на сектор финансии Мирјана Ѓеорѓиевска соодветно одговори на сите поставени прашања и даде детално образложение во однос на извештајот кој е предмет на расправа а се однесува за период од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

Претседателот даде пауза за координација помеѓу сите советнички групи со цел да се разгледа и донесе квалитетна одлука.

**4. Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска и посочи дека суспензија ќе се донесе и истата важи 6 месеци што потоа доколку нема одговор за суспензија од матичното Министерство и точката се најавува подолго време со што имало простор и време да се прецрта ДУП-от и да се отстранат спорните парцели со што ќе немало потреба од носење суспензија. Потенцираше дека граѓаните имаат стекнати права и истите правно можат да ги искористат во однос на парцелите кои ќе бидат суспендирани.

За збор се јави претседателот на Совет и даде свое видување по однос на ДУП-от и самата суспензија која се предвидува да се донесе, истиот се повика на пример на вака предходно донесен ДУП.

Градоначалникот Јакимовски по земен збор детално образложи по материјалите за точката и одговори на сите прашања предходно поставени од страна на советниците. Исто така даде предлог во однос на рокот на траење на суспензијата, а тоа е дека доколку истата не добие одговор во рокот ќе се продолжи на нова седница уште 6 месеци, Градоначалникот потенцираше дека советниците со негласање на дуповите не придонесуваат во однос на приходите на самата Општина со што ја опстрираат самата институција.

Збор зема членот на Советот Благица Цветановска укажа на следното дека суспензијата на донесениот ДУП сама по себе има предности но и недостатоци по однос на граѓаните кои живеат во тој дел.

Се разви дискусија помеѓу членот на Советот Невена Георгиевска и Градоначалникот Јакимовски по однос на точката за која се разгледува, со изнесување на одредени аргументи од двете страни и разјаснување на одредени забелешки пред јавноста точката се стави на гласање.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје**

**5.Предлог – Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и посочи дека оваа точка се разгледува заедно со измените договорени на кратката координација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје**

**6. Предлог –План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Предраг Станковски и побара појаснување од службите за предложената точка.

Од службите Дејан Јонузовски детално го образложи изменувањето и дополнувањето на План на програми за развој и потребата од таква измена односно измената се прави со цел да се стави сума и за истата да се распише јавен повик.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање

**По спроведеното гласање со 10 гласови ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не усвоен Предлог-Планот за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година**

**7. Предлог- Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Беше побарано од членовите на Советот да се даде образложение за кои броила станува збор.

Од службите беше детално образложено по материјалите за точката, односно дека се работи за 34 броила од различни локации и најавија дека во иднина доколку се увидат нови вакви броила каде има потреба ќе се стават на совет за нивно одлучување.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје.**

**8. Предлог- Одлука за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025.**

**9. Предлог- Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните**

**спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска постави прашање дали се работи за наградување на екипите кои се натпреваруваат во училишните лиги.

Од службите одговорија детално соодветно на поставеното прашање.

Членот на советот Благица Цветановска по земен збор ја пофали целокупната организација околу одржувањето на училишните спортски игри во Карпош 2025 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025.**

**10. Предлог- Правилник за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Правилникот за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација.**

**11. Предлог- Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоен Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош – Скопје.**

**12. Предлог- Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со забелешка околу предвидените термини кои треба да ги користат граѓаните и децата од училиштата.

Градоначалникот Јакимовски го образложи функционирањето на салата во однос на предвидените термини кои се пропишани во самата Одлука.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАН нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје.**

**13. Предлог- Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје.**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАН нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје.**

**14. Предлог- Одлука за давање согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Предраг Станковски по земен збор посочи кој е бенефитот на граѓаните со издавање на кафетерија, кој е јавниот интерес на граѓаните дали приходот ќе оди стрикно за одржување на самата сала и кој ќе биде надлежен за одржување на салата Партизан.

Градоначалникот Јакимовски детално образложи и даде соодветни одговори на прашањата поставени од членот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје.**

**15. Предлог- Одлука за давање согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк – Карпош**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски постави прашање зашто нема ставено почетна цена како сума туку се оди со процентуално 0,5 проценти врз основа на направена проценка. Митевски посочи нека е по закон како што треба со процент од проценка но сепак да се нагласи почетна сума.
Од службите одговорија дека само се следи законот и според закон така треба да изгледа посочената Одлука.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк – Карпош.**

**16. Предлог- Одлука за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Предраг Станковски по земен збор постави прашања во каква состојба се возилата и на кој начин е утврдена нивната употребна вредност односно кој ја направи проценката дали има техничка спецификација за истите.

Од службите одговорија дека проценката е направена од овластен проценител во однос на употребната вредност и дека возилата се доста искористени и повеќе неможат да служат на вработените во Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила.**

**17. Предлог- Одлука за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје’’**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Предраг Станковски посочи да се даде објаснување со која дејност се занимава здружението, дали има доставен план за работа и кој активности ќе ги превземе, а се од општо добро за граѓаните на Општината.

Претседателот Бранко Ристов по земен збор детално објасни за кое здружение се работи, со што се занимава и кој активности ќе ги превземе, а се бенефит за граѓаните на Општина Карпош.

Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска посочи дополнителни информации кои се однесуваат на самото здружение како и примери на проекти кои истото сака да ги спроведе.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претедателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје’’.**

**18. Предлог- Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Беше побарано објаснување на точката од страна на службите.

Од службите дадоа детално објаснување по однос на материјалите за точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје.**

**19. Предлог- Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 10 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не усвоена Предлог- Одлуката за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“.**

**20. Предлог - Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложената точка.

Беше побарано објаснување на точката од страна на службите.

Од службите дадоа детално објаснување по однос на материјалите за точката.

Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје.**

**21. Предлог- Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост**

Претседателот отвори расправа по предложената точка .

Збор зема членот на Советот Ивана Петковска која посочи дека по долго барање соодветен простор нивно мислење е дека просторот кој е посочен е во рамки да може да пружи соодветни услови за отворање и вршење дејност Дневен центар за лица со попреченост. Петковска укажа дека со оваа одлука само се резервира просторот но бидејќи се работи за чувствителна дејност треба да се добие мислење од матично министерство за условите и критериумите кои треба да ги исполнува просторот.

Се разви дискусија помеѓу сите членови на Советот и Градоначалникот во однос на услови, критериуми,средства и персонал за обавување на ваква сложена и чувствителна дејаност, еден од советниците посочи дека прво требало да се добие мислење од министерството па потоа да следи ваква точка доколку истото било позитивно.

По плодна дискусија точката се стави на гласање.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави предлог точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост.**

**22.Советнички прашања**

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска која ги постави следните советнички прашања:

1. За објектот на ул.Будимпештанска 24б на кој начин е предвиден просторот за паркинг

според градежната дозвола и колку паркинг места се предвидени?

- Зошто селективно се трга само столпче од тротоарот пред објект на ул Будимпештанска 26а, во исто време кога такви столпчиња има неколку во блиско соседство?

- Кој е начинот да сопственикот на објектот на ул.Будимпештанска 26а обезбеди поставување на столче пред неговиот објект?

Образложение: Соседот од Будимпештанска 24б континуирано го узурпира тротоарот пред излезот на соседниот објект, 26а и по неколку обиди со поставување канта, која е искршена, и бетонско столпче, кое е отстрането од комуналниот инспектор, сопственикот на објектот 26а нема начин како да обезбеди излез од својот дом од паркирани автомобили. Со цел да обезбеди заштита на тој простор бара од општината поставување на столпче. Прилог фотографии

2. Молам за писмена информација за сопственоста на парцелата на паркингот на објектот на ул.Московска бр.17, односно кој дел од парцелата 3450 е паркингот?

3. Барање за информација дали е започната изработка на ДУП 305 блок 3 (блокот не сум сигурна , се работи за делот од ДУП 305 спроти Сити Мол кај улица МАНАПО кон Карпош3). Кој е иницијатор (барател) за изработка и која урбанистичка куќа го изработува? Како и кога може да направат увид во изработката кај урбанистите други граѓани кои имаат имоти во овој дел?

4. Повторено прашање: Зошто не се објавуваат издадените градежни дозволи на општинската страна во реално време а некои и воопшто не се објавени?

Воедно и прашање до сектор инспекторат, зошто има застој и доцнење во објава на инспекциските акти на општинската страна?

5. До секторот за поддршка на Совет: Дали има пријавено измени на припадноста на советниците во други партии од тоа како се декларирани при влез во Советот со локалните избори? Поконкретно, дали има пријавен советник кој е припадник на партијата ЗНАМ во Советот на општината?

6. По увидот во просториите на инспекторатот во општината , ми беше презентирано дека субјектот кој ги обновува бараките на бул.Партизански Одреди спроти Макпетрол е АД ЗУАС и ми се образложи дека тој субјект е сопственик на бараките врз основа на увид во акционерска книга.

Прашањето е:

Како е установено дека АД ЗУАС е правен наследник на имотот кој на имотен лист е на О.Р ЗУАС кој веќе не постои како субјект?

Од увидот кој јас го имав, стоеше само адресата на АД ЗУАС и список на акционерите, но

не и доказ дека имотот им припаѓа, а сеуште стои во Катастар со непроменето име на сопственикот.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-5170/3**
**Датум: 03.06.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**